**УДК: 929 Костова, М.**



IN MEMORIAM
Проф. д-р Марија Костова
(1946–2015)

На 25 август 2015 година заврши еден богат и содржаен живот. Се затвори една книга со богата содржина. Книга полна со добри и благородни дела, престана да чука едно големо срце. Почина проф. д-р Марија Костова, професорка во пензија на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје.

Како и повеќемина, оваа вест ја примив со недоверба. Почувствував празнина, но празнина преполна со содржина, празнина преполна со детали, неизбришливи и јасни сеќавања подредени на слоеви и раширени во концентрични кругови.

Моќта на смртта секогаш се обидуваме ја прифатиме како нешто неизбежно, како закон на природата. Но секогаш ја доживуваме субјективно кога ни ги зема најмилите личности кои се составен дел од нашето патување наречено живот, составен дел од нашето битие.

Никогаш потешко не сум напишала еден текст од овој пат. Не поради тоа што немам што да кажам, туку затоа што не знам дали ќе успеам да ги одберам вистинските зборови со кои ќе можам да ја опишам професорката Марија Костова.

Марија Костова е родена во Крушево во 1946 година, каде што завршува основно и средно гимназиско образование. Дипломира на Катедрата за педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје во 1969 година. Во февруари 1970 година се вработува на Филозофскиот факултет како асистент по предметите општа педагогија I и II дел и методика на воспитна работа. Во јануари 1981 година магистрира на Филозофскиот факултет во Сараево и се здобива со научното звање магистер по педагошки науки. Во мај 1983 година е избрана за предавач на ННСГ за педа-

гогија по предметите методика на воспитна работа и педагогија општ курс. Напоредно со наставниот ангажман, професорката Марија Костова во тој период работи на нејзината докторска дисертација на тема „Основните теориски проблеми во конципирањето на работното и политехничкото воспитание“, која успешно ја одбранува во 1989 година. Докторската дисертација претставува обемна научна студија која опфаќа мошне осетлива научна област. Во март 1990 година е избрана за доцент, а во 1995 година за вонреден професор за предметите: општа педагогија I дел, општа педагогија II дел, методика на воспитна работа и педагогија општ курс. Во овој период на професионален развој и ангажман, професорката Марија Костова ги изведува и предавањата од изборните предмети: семејна педагогија, педагогија на слободно време и домска педагогија. Во март 2000 година е избрана за највисокото академско звање редовен професор по истите предмети.

Професорката Марија Костова не беше само педагог и универзитетски професор, туку и личност која се одликуваше со забележителен општествен и стручен ангажман. Беше член на Републичкиот педагошки совет, член на редакцијата на списанието „Просветно дело“, раководител на Институтот за педагогија, член на матичната комисија за формирање на Педагошкиот факултет во Скопје. Поради неповолната ситуација и непостоењето на соодветен професорски кадар, професорката Марија Костова беше повеќе години ангажирана да изведува настава на новоформираните факултети во Скопје, Штип и во Битола. Со несебична помош и поддршка таа успеа да формира кадар од нејзината научна област на трите педагошки факултети во нашата држава. Професорката Марија Костова беше исклучително достапен ментор и секогаш подготвена да им помогне на помладите колеги. Нејзините докторанди посебно ја ценеа и почитуваа, денес тие се успешни универзитетски професори на повеќе факултети во државата.

На Институтот за педагогија е забележителен нејзиниот ангажман во редовната настава, постдипломските и специјалистичките студии. Како нејзин најблизок соработник, сведок сум на големото почитување кое го имаше професорката Марија Костова од нејзините студенти. На предавањата посебно добро беше прифатен нејзиниот професионален однос, позитивен пристап и ведрина. Мошне значаен ѝ беше исходот од наставата, стекнувањето на знаења за фундаменталните прашања на педагошката наука. Беше противник на пропишување на одредено време за консултации, нејзиниот кабинет секогаш беше отворен за студентите.

Професорката Марија Костова носеше во себе сократовска желба за разговор, да спознае што носи во себе секој поединец и што може да даде од својот дух и размислување, со таквиот пристап таа градеше заедница на учител и ученик во која се раѓаше нешто ново како поттик за понатамошно дејствување. Нејзината блага насмевка даваше непосредна доверба, радост и желба луѓето да се зближуваат. Тоа дејствуваше оптимистички за секоја работа. Таквата ведрина беше знак на духовна величина, која за сите останати беше како вредносна порака, ориентација (морална обврска). Тоа го знаеја и го ценеа нашите студенти кои си преземаа обврска да бидат достојни на својот професор.

Во овие моменти кога чувствуваме потреба да ѝ изразиме признание и благодарност на професорката Марија Костова, се сеќавам дека нè учеше како да станеме успешни универзитетски професори – педагози, секогаш нè учеше прво да бидеме добри луѓе, да ги сакаме, поттикнуваме и развиваме нашите студенти. Да бидеш учител/професор, велеше професорката Марија, не значи и никогаш да не погрешиш, но кога ќе погрешиш и потклекнеш, да знаеш да се кренеш и да продолжиш понатаму. Нè учеше дека не постојат грешки – тоа се само лекции. Секое искуство нуди лекција, не постои човек кој барем еднаш во својот живот не погрешил.

Професорката Марија Костова во текот на својот работен век зад себе остави вредни научни дела за сите нас и за генерациите кои сакаат да учат и да читаат за педагогијата. Учествуваше со свои прилози на повеќе научни и стручни собири, симпозиуми, конференции и сл. Од целокупниот творечки опус ги издвоив следниве:

- „За современиот однос на педагогијата и психологијата“, Научен собир – Психологијата и транзицијата (1994);
- „Современото семејство и воспитанието“, Научен собир – Семејството и воспитанието на детето во современи услови (1994);
- „Третманот на целта на воспитанието во педагошката наука“, Научен собир – Современите општествени промени и целта на воспитанието (1996);
- „Педагошкото образование на наставничките кадри во Република Македонија“, Научен собир – Профилирањето, образованието и оспособувањето на наставничките кадри како носители на едукативните процеси во Република Македонија (1997);
- „Развојот на воспитанието во Република Македонија во услови на општествени промени“, Научен собир – Општествената транзиција и образованието (1997);
- „Образованието на Балканот – состојби и перспективи“, Меѓународен собир (2000);
- Експерименталните училишта во функција на методиката на воспитна работа, Меѓународен собир – Експерименталните училишта како носители на развојните промени (2001);
- „Воспитната функција на современото училиште“ – Меѓународни педагошки средби „Учителот на 21 век“ (2002) и други.

Професорката Марија Костова е авторка и на повеќе книги и прирачници кои имаа значајна функција во зголемувањето на ефикасноста во работата со студентите и успешното подготвување на испитите од оние области за кои се изработени. Професорката Костова е коавтор на учебникот „Педагогија“ за средно гимназиско образование, кој според содржините, дидактичко-методското и техничкото обликување наведува на констатација дека станува збор за современ учебник со високи квалитети и гарантира успешно усвојување на материјалот од страна на учениците. Вредниот придонес што го дала професорката Марија Костова на по-

лето на педагошката наука може да се проследи преку анализа и оцена на неколку нејзини објавени труда.

Трудот „Третманот на целта на воспитанието во педагошката наука" професорката Марија Костова го разработила во неколку логички целини со тенденција да ги издиференцира и разреши проблемите околу определувањето на целта на воспитанието. Трудот се карактеризира со опстојна анализа на различни пристапи во определувањето на целта на воспитанието во различните периоди од развитокот на нашето општество. Поточно во него се укажува дека во поставувањето на целта на воспитанието во нашата педагошка теорија се соединуваат социјалната и индивидуалистичко-персоналната концепција, со што се поставува барањето секој до максимум да ги развие своите индивидуални способности. Определувајќи се за целосен развиток на личноста како цел на нашето воспитание, професорката Марија Костова истакнува дека изборот на терминот „целосен" го прави за да го избегне терминот сестраност кој асоцира на Марксовото барање за сестран развој на личноста. Таквата определба на целта на воспитанието може да се оправда ако се имаат предвид барањата на хуманистичката педагогија.

Од аспект на актуелната глобална стратегија и промените во нашето воспитание и образование, вниманието го привлекува и трудот под наслов „Развојот на воспитанието и образованието во Република Македонија во услови на општествени промени". Во трудот авторката Марија Костова мошне амбициозно формулира повеќе значајни прашања како дилеми и алтернативи, прави ретроспективна анализа, напор и соодветно аргументира дека едностраните, брзи и тврди решенија во однос на промените во нашето воспитание и образование можат да бидат контрапродуктивни и од социјален и од педагошки аспект.

Од научно-творечкиот опус на професорката Марија Костова за одбележување се и трудовите кои ја опфаќаат воспитната функција на училиштето. Станува збор за потребата од поинаков пристап кон работата во училиштето каде што основата не е давање знаења од страна на наставникот и нивно меморирање од страна на учениците, туку за пристап кој го истакнува барањето за развој на личноста на ученикот, барање присутно во поновите декларации на УНЕСКО и на други меѓународни организации.

Неколку труда објавени од професорката Марија Костова ја покриваат и проблематиката на семејното воспитание. Ако се анализираат во нивната единственост, ќе се забележи дека, главно, се фокусираат на промените во современото семејство и основните детерминанти на современото семејно воспитание. Посебно се нагласува кризата на семејството кое како последица на општествената транзиција го дестабилизира современото семејство и ја намалува неговата воспитна функција.

Со целокупната своја научна дејност, професорката Марија Костова направила значаен продор и ја обогатила нашата педагошка мисла, посебно на подрачјето на теоријата на воспитанието и методиката на воспитна работа. Нејзиниот научен опус е производ на долготрајна научноистражувачка работа, искуство и критичко преиспитување. Научните трудови на професорката Марија Костова се

општоприфатени и широко цитирани од научниците од подрачјето на теоријата на воспитанието, општата педагогија и методиката на воспитна работа.

Личноста на професорката Марија Костова, научниот придонес, педагошката работа, благородноста, отвореноста за студентите, за колегите и за соработниците ќе биде трајно запишана во историјата на Филозофскиот факултет, односно на Институтот за педагогија. Таа беше ни пријател на сите нас во сите наши животни ситуации, пријател на Институтот за педагогија и, воопшто, на Филозофскиот факултет во Скопје.

Марија Костова беше исклучителна личност и на приватен план, како мајка, сопруга, баба. Многу го сакаше своето семејство, нејзините два сина, снаата, сопругот и своите три внуки. Беше вистински пријател на сите кои ја познаваа. Лично имав привилегија и среќа да бидам нејзин најблизок соработник. Таа беше мој ментор кој ме водеше во мојот професионален развој, но и повеќе од тоа, беше мој искрен пријател кој сега многу ми недостасува. Како нејзин соработник, исклучително сум горда на повеќе од дваесет и пет години заедничка работа.

Ви благодарам, професорке, за сѐ што ме научивте. Ја затворам оваа книга на сеќавање, ме теши само помислата дека секогаш ќе можам да ја отворам и да прочитам што има напишано во неа, иако Вас повеќе Ве нема.

Нека Ви е вечна слава, професорке Марија, почивајте во мир!

*Проф. д-р Анета Баракоска,*
*раководител на Институтот за педагогија*